| | |
|---|---|
| Предмет | ВОВЕД ВО ФИЗИОТЕРАПИЈА |
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт |
| Код: | СФ-112 |
| Студиска година | Прва |
| Семестар | Прв |
| Вкупно часови | 45 |
| Кредити | 4 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Нема |
| Изведува: | Катедра по физикална медицина и рехабилитација |
| Одговорен наставник | Доц. д-р Ериета Николиќ-Димитрова |
| Адреса: | Завод за физикална медицина и рехабилитација, ул. Елисие Поповски бр. 28, Скопје, тел. +389 2 3176 584,<br>e-mail:enikolic@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Студии за физиотерапевти, професионални предмети, физиотерапија |
| Учебни цели | -Да се здобие со познавања за меѓународната класификација на функционирање, онеспособеност и здравје<br>-Да стекне основни знаења од рехабилитацијата како комплексен процес, да се запознае со нејзината суштина, методите и техниките кои се применуваат<br>-Да ги совлада основните поими, поделба, значење и цели на мединската рехабилитација<br>-Да се запознае со тимската работа во рехабилитација, како и улогата на сите членови во тимот за рехабилитација<br>-Да ги спознае компетенциите и одговорностите во својата професија<br>-Да ги запознае организационите модели во физиотерапијата, снабдувањето на просторот за физиотерапија<br>-Да ги развива вештините за работа во тим, односно професионален однос помеѓу физиотерапевт и лекар специјалист по физикална медицина и рехабилитација (физијатар) и другите членови од тимот. |
| Кратка содржина | Теоретска настава (30 часа):<br>-Историјат на физикална медицина и рехабилитација<br>-Дефиниција и поделба на физикалната медицина и рехабилитацијата<br>-Оштетување, онеспособеност и попреченост (хендикеп).<br>-Видови на оштетувања кои можат да доведат до појава на онеспособеност и попреченост<br>-Функционирање, онеспособеност и здравје<br>-Терапевтска и рехабилитациона дејност<br>-Тимска работа во рехабилитацијата<br>-Психосоцијална активност во рехабилитацијата<br>-Базични познавања од физикална терапија, нејзини цели, задачи, видови, основни принципи, индикации, контраиндикации<br>- Основни принципи во рехабилитацијата<br>- Основи на работната терапија и нејзина улога во рехабилитацијата |

| | |
|---|---|
| | -Проценка на пациент од страна на физиотерапевт<br>-Физиотерапија во заедница и примарна здравствена заштита<br>- Физиопрофилакса<br><br>Практична настава (15 часа):<br>-Обука на физиотерапевтот за тимска работа во рехабилитацијата<br>-Запознавање со основните методи во физиотерапијата на лицата со неспособност и попреченост |
| Организација | Теоретска настава: 30 часа<br>Вежби: 15 часа |
| Методи на учење | Предавања, вежби |
| Предвидени учебни резултати | Знаење и разбирање:<br>Студентот ќе се стекне со знаење за основите на физикалната медицина и рехабилитацијата, за местото, улогата и дејноста на физиотерапевтот. Студентот ќе биде способен да се вклучи во тимската работа при рехабилитација на пациенти со неспособност и попреченост<br>Клучни вештинии:<br>Студентот ќе ги применува принципите на физикалната медицина и рехабилитацијата во својата дејност |
| Специфични препораки за настава | Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењето за да добие потпис.<br><br>Бодирање на активностите на студентот:<br><br>Вид на активност — Бодови<br>Теоретска настава* — 2.5-10<br>Практична настава** — 7.5 -15<br>Завршен испит — 50-75<br>Вкупно: — 60-100<br><br>* присуство на теоретска настава:<br>51% - 60% - 2.5 бода;<br>61% - 70% - 4 бода;<br>71% - 80% - 5 бода;<br>81% - 90% - 7 бода;<br>91% -100% - 10 бода.<br><br>** практична настава: секоја вежба носи 1 бод (15 вежби):<br>присуство - 0.5 бода<br>активност на вежба - 0.5 бода<br><br>Континуирана проверка (колоквиум):<br>Нема поради блоковската настава.<br><br>Завршен испит:<br>Се изведува во испитен-термин (јануари/февруари, јуни/јули и/или август/септември).Се состои од тест со повеќекратен избор.<br><br>Оформување на целосната оценката:<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите |

| | |
|---|---|
| | **активности.**<br><br>ВОНРЕДНИ СТУДИИ:<br><br>Се изведуваат 40% од предвидената теоретска и практична настава.<br>**Испитот се изведува во ИСПИТНИ СЕСИИ и се состои од:**<br>- тест со повеќекратен избор<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на **збирот на бодовите добиени од сите активности.** |
| Учебни помагала | Основни:<br>Ериета Николиќ-Димитрова. Вовед во физиотерапија. Ласерџет, Скопје, 2007. |